


**Серија imageRUNNER ADVANCE DX 4900**

# ПОВРЗЕТЕ СЕ БЕЗБЕДНО, ТРАНСФОРМИРАЈТЕ СЕ ДИГИТАЛНО

ОПТИМАЛНИ ПЕРФОРМАНСИ И БЕСПРЕКОРНО КОРИСНИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ СО ИНОВАТИВНИ ТЕХНОЛОГИИ

Паметните повеќефункционални уреди imageRUNNER ADVANCE DX од Canon се дизајнирани да ви помогнат во намалувањето на работните трошоци со технологии што ја намалуваат употребата на потрошни материјали и потрошувачката на енергија. Најсовремените технологии и софтвер, создадени со ДНК на imageRUNNER ADVANCE од Canon, овозможуваат дигитализирање, автоматизирање и оптимизирање на работните процеси за создавање содржини. Како и секогаш, ние континуирано ја еволуираме нашата технологија за да ви овозможиме да се чувствувате безбедно и сигурно кога ги користите уредите од Canon во секое опкружување.

Серијата imageRUNNER ADVANCE DX 4900 од Canon е идеална за мали до средни канцеларии, хибридни опкружувања за работа, а може да се користи и како дел од група уреди. Овие компактни уреди се тивки и одржливи и нудат напредни опции за сервисирање и безбедност за да можете ефикасно да создавате прецизни и висококвалитетни документи - благодарение на високите перформанси за црно-бело печатење и најсовремено скенирање. Задоволете ги најразличните потреби во канцеларијата со уред што нуди поголема флексибилност и опции за поврзување со Cloud преку uniFLOW Online Express, што е достапен како стандардна опција, или извршете надградба со uniFLOW Online за да добиете уште поголеми придобивки.

**ПОВРЗУВАЊЕ СО CLOUD**

**ПРОДУКТИВНОСТ**

**СЕРВИСИРАЊЕ**

**БЕЗБЕДНОСТ** Trellix

**ОДРЖЛИВОСТ**

Canon Europe Ltd.
BLI 2022-2024 Most Reliable A3 Brand

Canon

# Серија imageRUNNER ADVANCE DX 4900

### ПОВРЗУВАЊЕ СО CLOUD

- Софтверот uniFLOW Online Express (uFOE) е заснован на Cloud и се испорачува како стандардна опција, а нуди интегрирано решение што ќе ја зголеми безбедноста на уредот и ќе го поедностави управувањето со печатењето
- Скенирајте и печатете документи безбедно и од која било локација со подобрените можности за поврзување со Cloud
- Форматите за печатење за повеќекратна употреба овозможуваат лесно пристапување до документи во Cloud
- Платформата MEAP на Canon ги оптимизира процесите преку интеграција со решенија за управување со снимањето и печатењето документи, како што е uniFLOW Online*
- Уредот нуди стандардни апликации како AirPrint, Mopria, Universal Print by Microsoft и Canon PRINT Business

### БЕЗБЕДНОСТ

- Проверката на системот при вклучувањето што поддржува заштита на фирмверот на платформата (NIST SP800-193) и автоматско обновување, поддршката за SIEM и McAfee Embedded Control го анализираат уредот во реално време за да откријат и спречат надворешни напади
- TPM 2.0 (платформа со безбедносен модул) се испорачува со уредот и безбедно ги складира клучевите за шифрирање како што се лозинките
- Поставете проверка на идентитетот на уредот, проверка на идентитет во два чекори и ограничувања на функциите на уредот - овие безбедносни мерки може да се постават на уредот и на Cloud
- Складирањето на шифрирани податоци на SSD ја подобрува заштитата на податоците и обезбедува поголема отпорност на вибрации и потреси со цел зголемена сигурност
- Преминете на uniFLOW Online* за да добиете побезбедно печатење, печатење од мобилни уреди и печатење во улога на корисник-гостин од секој уред
- Приватноста на податоците во вашата мрежа е заштитена со IPSec, опциите за филтрирање порти и поддршката за TLS 1.3 и WPA3
- Зголемете ја сигурноста уште повеќе со Security Navigator што лесно се програмира или дозволете им на експертите од Canon да го создадат најдоброто решение за вашето деловно опкружување

### ПРОДУКТИВНОСТ

- Печатете и скенирајте со брзина до 45 стр./мин. и 270 слики/мин.
- Архивирајте ги документите автоматски со помош на Filing Assist заснован на Cloud од uniFLOW Online*
- Нанесете** изборна антимикробна фолија на сите заеднички точки на допир за безбедно физичко ракување со уредите без нарушување на корисничкото доживување
- Дигитализирајте ги документите ефикасно со помош на работните процеси со еден допир и копчињата за директен пристап на почетниот екран
- Овозможете флексибилно хибридно работење и сведете ја интеракцијата со уредите на минимум, а притоа обезбедете континуирано корисничко искуство преку апликацијата Canon PRINT Business
- Зголемете ја продуктивноста со изборниот дополнителен уред за моментално захефтување до 50 листови кој е доволно мал за да може да се постави врз други уреди или на работна маса, како и насекаде во канцеларијата, домот или во заедничкиот работен простор

### ОДРЖЛИВОСТ

- Уредете ги поставките за печатење на ниво на уредот за да ја намалите непотребната потрошувачка на хартија и тонер
- Намалениот шум при работа, благодарение на звучната заштита на куќиштето на повеќефункционалниот печатач, овозможува тивко работење и не ја попречува работата во работниот простор
- Режимот за економично враќање во работа ја намалува потрошувачката на енергија за да заштедите енергија и да ги намалите работните трошоци
- Висококвалитетното скенирање без грешки, вклучувајќи ја и дигиталната корекција на закосување и напредното стакло отпорно на дамки, ја намалува непотребната потрошувачка на хартија и тонер
- Еко захефтувањето ги намалува трошоците за захефтување и придонесува за еколошко печатење и управување со документи, за да ги добиете саканите резултати уште при првото печатење

### СЕРВИСИРАЊЕ

- Намалете ги трошоците и зголемете го времето на активна работа на уредот благодарение на иновативното подобрување на деловите што често се менуваат како дел од нашата палета imageRUNNER ADVANCE DX што постојано еволуира
- Намалете ја потребата од повикување сервисери благодарение на можноста за брза, безбедна и прецизна замена на потрошните материјали што можат да ја вршат самите корисници
- Деловите со долг работен век ја намалуваат честата потреба за нивно менување, а прицврстувањето на деловите без завртки овозможува побрзо и поефикасно менување на деловите

***Софтверот uniFLOW Online е достапен како претплата за уредот заснована на Cloud и нуди управување со снимањето и печатењето на документите. Во зависност од деловните потреби, корисниците можат да извршат надградба со uniFLOW Online за да добијат многу унапредени придобивки, меѓу кои и: поголема безбедност со методи за проверка на идентитетот на корисниците. Приспособени работни процеси за зголемување на продуктивноста. Намалување на непотребната потрошувачка на хартија и тонер со издавање задачи преку уредот. Интуитивна контролна табла на Cloud за преглед на податоци во реално време. Поголема контрола врз пристапот и користењето заради намалување на трошоците за печатење.**
**** Препорачливо е фолијата да ја нанесе сервисер.**

**ЗАБЕЛЕШКА - Одредени функции стануваат достапни само во рамки на комбинацијата од imageRUNNER ADVANCE DX и uniFLOW Online**

## БРЗИ ФАКТИ

- **Формат:** црно-бел A3
- **Капацитет за снабдување со хартија (макс.):** 3.650 листови
- **Време за загревање:** 4 секунди или помалку (режим за брзо вклучување)
- **Опции за завршна обработка:** подредување, групирање, офсет-печатење, захефтување, средишно спојување, правење дупки, екозахефтување, захефтување на барање
- **Поддржани видови на датотеки:** PDF, EPS, TIFF/JPEG и XPS

- **Брзина на печатење:** 25-45 стр./мин.
- **Брзина на скенирање:** до 270 слики/мин. (A4)

- **Јазици за печатење:** UFRII, PCL6, Adobe® PostScript®3™ (изборно)
- **Резолуција на печатење:** 1.200 x 1.200

- Брзото печатење, прецизното скенирање и ефикасното ракување со медиуми придонесуваат за голема продуктивност
- uniFLOW Online Express врз основа на Cloud овозможува соработка со Cloud за лесен пристап и лесно управување со документите
- Проверката на системот при вклучување, McAfee Embedded Control, TPM 2.0 и поддршката за SIEM ги штитат документите, мрежата и уредот
- Лесното одржување и сервисирање на уредот придонесуваат за неговата сигурност и го максимизираат времето на активна работа
- Тивкото функционирање ги минимизира пречките во работниот простор
- Режимот за економично враќање во работа ја намалува потрошувачката на енергија и ги намалува работните трошоци
- Дигитализирајте ги документите на ефикасен начин со автоматизирани работни процеси поврзани со апликации како OneDrive, SharePoint, Concur, DropBox и Microsoft Teams (потребен е uniFLOW Online*)
- Подобрените опции за завршна обработка и поддршката за повеќе видови хартија го подобруваат квалитетот на печатењето
- Работете безбедно и практично во хибридни опкружувања со функции како приспособени временски линии за корисниците и заштитна антимикробна фолија (изборна), како и печатење и скенирање преку мобилни уреди со апликации како Canon PRINT Business

## ПРИЛАГОДЕНИ РЕШЕНИЈА ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА СИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ




Услугите за дигитална трансформација (DTS) на Canon ги обединуваат нашите врвни хардверски делови и софтвер во интегриран екосистем на технологија којшто е предвиден да ви обезбеди поддршка во вашата дигитална трансформација. Оваа понуда нуди комбинација од управувани услуги за печатење и решенија за соработка во работниот простор коишто ќе ви овозможат транспарентност и контрола врз целиот работен циклус на документите.

**Canon Inc.**
canon.com

**Canon Europe**
canon-europe.com

Macedonian edition
© Canon Europa N.V.,2023

Canon